UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# ФЕБ 2021

# БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

8



## НАСЛОВИ

**Уводник:** За дигитализацијата стр 1

**COVID-19** одговор и други ОН активности стр 2

**UN SDCF Funding Framework** стр 3

**Во фокус:** COVID-19 вакцинација стр 4

## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

### ЈАН - ФЕВ

**26** - УНОДЦ одржаа средба со новиот директор на Царинската управа и средба со директорот на Бирото за јавна безбедност на Северна Македонија по што следуваше потпишување на писмото за договор за воспоставување соработка за граничната контрола во земјата во рамки на заедничката акција на ЕУ-УНОДЦ, финансирана од Европската унија.

**28-11** - УНХЦР Северна Македонија одржа три сесии за градење капацитети во поддршка на имплементацијата на Комуникациската стратегија за социјална промена, со предавачи професори од универзитетот во Кентаки. На сесиите учествуваа специјалистите за комуникации од агенциите на ОН и други организации и институции, како и вработените од УНХЦР и партнерските организации.

### ФЕВРУАРИ

**17-19** - Во Гевгелија беше организирана округла маса со граничната полиција за пристапот до азил, начелото за неказнување и притворање на барателите на азил, како продолжение на настанот организиран од УНХЦР и граничната полиција во септември 2020.

**18-19** - 13 граѓански организации членки на Платформата за родова еднаквост присуствуваа на обука за мониторинг на Националниот акциски план за периодот од 2018-2023 во однос на имплементацијата на Истанбулската конвенција. Обуката беше организирана од македонскиот Хелсиншки комитет за човекови права, во рамки на регионалната програма на UN Women/ ЕУ „Спроведување на норми, менување на размислувањето".

**24** - Онлајн работилница за новиот Закон за рамномерен регионален развој и Програмата за одржлив локален развој и децентрализација за периодот од 2021-2023 (дел од настанот на УНДП-МТСП „Иновативни решенија за подобар пристап до локалните услуги")

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK

## УВОДНИК од постојаниот координатор на ОН

Иако трагичната загуба на животи и далекусежните негативни здравствени и социо-економски влијанија од КОВИД-19 тешко е целосно да се прифатат, сепак се појавуваат можности за подобро закрепнување. Една можност претставува потенцијалот за дигитална трансформација на економијата и општеството, што бара инвестиции во корист на сите сегменти од општеството и особено за оние кои тежнеат да заостанат.

Дигиталните алатки – како што се начини за работа од дома, онлајн набавка на услуги и добра, онлајн јавни услуги итн. – беа клучни за намалување на ризикот од ширење на КОВИД-19. Иако некои бизниси се соочија со тешкотии на почетокот на пандемијата поради намаленото движење, тие сега напредуваат поради способноста да се прилагодат и да го префрлат работењето онлајн, брзо и ефикасно. Меѓутоа, некои и понатаму се мачат поради тоа што заостануваат во однос на дигиталната трансформација.

Дигитализацијата е клучна за намалување на ризиците од идни шокови бидејќи нуди опции и придонесува за ефикасноста на процесите, ја подобрува пристапноста – особено до јавните услуги – и ги намалува трошоците на среден и долг рок.

Северна Македонија забележа значителен напредок во тој поглед и сè повеќе ги користи придобивките од направените инвестиции и институционалните прилагодувања, вклучително и воспоставувањето на Совет за информатичка и комуникациска технологија (ИКТ), Стратегија за отворени податоци, инвестиции за зголемување на дигиталните вештини, вклучување на ИКТ обуки во сите начини на едукација, итн.

Но, постојат и предизвици за кои што се неопходни засилени напори:

1. Нееднаквостите опстојуваат, и наша заедничка должност е да се справиме со нив и да вложиме зголемени напори за целосно интегрирање на секој член на нашето општество во дигиталниот свет. Надминувањето на нееднаквостите е клучно за целосното искористување на потенцијалот на дигитализацијата за одржлив развој. На пример, пристапот до онлајн образование е сè уште проблем за некои деца. Слични нееднаквости опстојуваат и во однос на способноста да се пристапи до здравствените услуги.



2. Широкопојасна пристапност и соодветна ИКТ инфраструктура се предуслови за да се обезбеди дигитализација на процесите и услугите во сите сектори на општеството. На пример, дигиталните решенија може да се користат за земјоделските процеси во руралните области, но, во Северна Македонија сè уште има географски области без соодветен пристап до ИКТ инфраструктура.

3. Онлајн безбедност и кибер безбедност – треба да создаваме безбедно опкружување во кое сите ќе напредуваат. Започнувајќи со онлајн малтретирањето па се до до заштитата на податоците и системите од витално значење, безбедноста е клучна за зголемена и подобрена искористеност на дигиталните алатки и услуги.

4. Улогата на образовниот систем во процесот на дигитализација: денешните ученици треба да се подготват за светот на иднината. За таа цел, мораме да обезбедиме дека ИКТ инфраструктурата е достапна за сите и дека тие располагаат со соодветни вештини за да ја користат во своја полза. Околу 80% од домаќинствата во Северна Македонија имаат пристап до интернет, но, една петина од семејствата и нивните деца сè уште заостануваат. Владата презема важни чекори преку зголемена вклученост на ИКТ обуките во сите сегменти на образованието, но, сепак мораме да обезбедиме дека развојот на дигиталните вештини постои и претставува приоритет за секого.

Преку справување со овие предизвици создаваме услови преку кои дигитализацијата ќе стане катализатор на системската трансформација и забрзувањето на реформите, коешто конечно ќе даде подобар живот за сите.

Росана Дуџак
**Постојан координатор на ОН во Северна Македонија**

# COVID-19 ОДГОВОР И ДРУГИ ОН АКТИВНОСТИ

Агенциите на ОН и понатаму даваат поддршка за одговорот што земјата го дава на КОВИД-19 со конкретни и детални анализи насочени на прашања од соодветните области на експертиза.

**Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)** ја поддржа анализата на влијанијата од пандемијата со Ковид-19 и соодветните анти-кризнимерки на финансирањето на единиците на локалната самоуправа. Анализата покажа дека ситуацијата на локално ниво е значително влошена во второто тромесечје на 2020 кога растот на приходите, споредено со истиот период во 2019, изнесувал само 1.8%, споредено со 11.8% во првото тромесечје. Наспроти тоа, во истиот период, кај урбаните општини се забележува пад од 2.2% во приходите поради поизразените влијанија на одговорот на КОВИД-19 во урбаните области.

Тоа се должи на значително намалената наплата на даноците на општинско ниво, особено данокот на имот, каде има намалување од 19.14% во второто тромесечје. Единствениот приход кој постојано е во пораст и го урамнотежува севкупното опаѓање беа трансферите од централната влада, со пораст од 27.48% во првото тромесечје и 20.25% пораст во второто тромесечје во 2020 споредено со 2019. Меѓутоа, кај овие таргетирани блок дотации недостасува флексибилност и тие го поткопуваат нивото на фискалната децентрализација, и притоа општините континуирано се зависни од централната влада и буџет.

Во исто време, општинските расходи опаднаа во просек за 17.8%, со опаѓање од 28% во урбаните области, споредено со речиси рамен раст во првото тромесечје, што укажува дека политиките за консолидирање иницирани од општините извршија силно влијание на обемот на обезбедени услуги. Меѓу малкуте категории на општински расходи која значително се зголеми се државните субвенции.

Една од клучните препораки од истражувањето е да се обезбеди напредна фискална децентрализација, преку (1) обезбедување адекватно финансирање за локалните надлежности преку реформа на системот на фискални трансфери, (2) подобрување на управувањето со јавните финансии и административните капацитети на локално ниво, (3) зголемување на фискалната транспарентност и отчетност, и (4) зајакнување на новите фискални правила со фокус на фискалната дисциплина и фискална одржливост на општините за време на економското/социјалното опаѓање.

Истражувањето укажува дека хоризонталната и вертикалната координација и комуникација на општинско ниво, преку улогата на општинските тела за управување со кризи биле ефикасни, ефективни и транспарентни и иако помалку успешни во однос на споделувањето најдобри практики и обезбедување учество на локалните институции како што се училиштата, детските градинки, дневните центри и културните институции. Недостатоците на системот за управување со кризи главно се поврзуваат со правни празнини за воспоставување и функционирање на општински штабови, отсуство на резилиентна рамка за закрепнување од природни и катастрофи предизвикани од човекот, како и повремено преклопување на надлежностите помеѓу системите за управување со кризи и и системите за заштита и спасување.

Во однос на услугите, комуналните услуги се одвивале непрекинато и волонтерите успеале да постигнат одлични резултати преку дистрибуција на хуманитарни пакети што укажува на потребата за подобро уредување на волонтерската работа и зголемено интегрирање во системот за управување со кризи. Еден предизвик за општинските служби се однесува на протоколите за работа во јаслите, детските градинки и дневните центри . Општините генерално не се вклучени во справувањето со предизвиците поврзани со зголемената појава на семејно насилство, оставајќи го проблемот на полициските станици и меѓуопштинските центри за социјални работи. Во областа на образованието, општините ги следат насоките на државата за учење на далечина, а отсуството на интернет, опрема и дигитални вештини се клучни предизвици за учениците, родителите и наставниците.

Целата анализа вклучувајќи ги и препораките може да се најде тука.

**УНХЦР** обезбеди поддршка за привремениот транзитен центар Винојуг преку ажурирање на софтверот и одржување на Rapiscan скенерот и обука за кадарот што ги користи. Тоа овозможи повторно да се започне со биометриска регистрација на сите лица кои што се приведени во мешовитите движења од страна на граничните власти, која беше прекината од март 2020 поради КОВИД-19.

LATEST EPIDEMIOLOGICAL DATA (8 Mar 2021)

| | | | |
|---|---|---|---|
| 106,832 | CONFIRMED COVID-19 CASES | 3,185 | COVID-19-RELATED FATALITIES |
| 5,127 | CONFIRMED CASES PER 100,000 PEOPLE | 152 | FATALITIES PER 100,000 PEOPLE |

Daily new cases reported




For latest data see **covid19.who.int/region/euro/country/mk**

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Дваесет и седум новинари од национални и локални медиумски куќи присуствуваа на тридневна обука и ги зајакнаа своите капацитети за „Родово сензитивно известување и улогата на новинарите за елиминација на родово базираното насилство." Обуката беше организирана од партнерската организација на UN Women, Македонско здружение на млади правници, како дел од регионалната програма на UN Women за ставање крај на насилството врз жените „Спроведување на нормите, менување на размислувањето".

UN Women го продолжи партнерството со амбасадата на Франција во Северна Македонија и беа дискутирани заедничките активности во поглед на Форумот за генерациска еднаквост, глобален собир за родова еднаквост, во организација на UN Women и владите на Мексико и Франција како заеднички домаќини на настанот (Мексико сити, 29–31 март 2021). Франција и Северна Македонија се дел од истата Коалиција за акција за телесна автономност и сексуално и репродуктивно здравје и права.

УНДП го отвори ресурсниот центар за млади ICan во Гостивар, основан со цел да се поттикнат младите да се вклучат во иновации и претприемништво, да се дава поддршка за идеи за дигитализација и зелен развој, да им се помогне на младите луѓе да развиваат вештини што им се потребни на пазарот на труд и да градат кариера во заедницата. Со центарот управува Универзитетот на Југоисточна Европа во партнерство со општина Гостивар. Овој проект на УНДП се спроведува со поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка.

Прв состанок на Управувачкиот комитет за заедничкиот проект „Планирање и дискурс за миграциска политика заснована на докази"

Првата средба на управувачкиот комитет (УК) за заедничкиот проект „Планирање и дискурс за миграциска политика заснована на докази во Северна Македонија" се одржа на 10 февруари 2021 со 23 членки на УК од националните институции, организациите на граѓанското општество, ИОМ, УНФПА, УНХЦР и Канцеларијата на постојаниот координатор на ОН во земјата.

Состанокот го отвори помошник министерот за Европска Унија и меѓународна соработка на Министерството за внатрешни работи и постојаниот координатор на Обединетите нации во Северна Македонија. Претставникот на Министерството за внатрешни работи искажа благодарност за поддршка што ја дава системот на ОН во земјата на националните институции и нивниот придонес за реформските процеси во земјата. Тој истакна дека за миграциските текови неопходен е сеопфатен пристап во креирањето политики за миграцискиот дискурс и дека недостигот на податоци е еден од главните предизвици кој што е идентификуван во националните стратешки документи, вклучително и во претходната Резолуција за миграциската политика. Во тој поглед, тој истакна дека МВР целосно ќе ја поддржи имплементацијата на проектните активности кои што ќе придонесат да се надминат идентификуваните предизвици и ќе овозможат креирање на миграциска политика заснована на докази.

УНДП ја проширува најголемата и најбрзата мрежа за учење за одржлив развој со отворањето на новата акцелератор лабораторија во Северна Македонија

Забрзаниот напредок на човештвото во последните две децении со себе донесе и зголемување на брзината, динамиката и комплексноста на денешните развојни предизвици, коешто резултира во јаз помеѓу постоечките развојни практики и темпото на промени. Во 2019, УНДП се одлучи да го премости тој јаз преку основање на 60 акцелератор лаборатории одеднаш. Една година подоцна, и благодарение на поддршката на Федералното министерство за економска соработка и развој на Германија, Катарскиот фонд за развој и клучните партнери на УНДП, УНДП отвори 32 нови акцелератор лаборатории. Најголемата и најбрзата мрежа за учење за развојните предизвици сега опфаќа 116 земји.

Едно од најскорешните дополненија на мрежата е акцелератор лабораторијата во канцеларијата на УНДП во Скопје, Северна Македонија. Тимот на новата акцелератор лабораторија ќе ги поддржува заложбите на УНДП за забрзување на напредокот кон Целите за одржлив развој преку креирање интелигенција за дејствување, мапирање на решенија, и развивање портфолио на експерименти кои што ќе помогнат да се надминат развојните предизвици на земјата на нови и креативни начини.

Во 2021, акцелератор лабораторијата на **УНДП** во Северна Македонија ќе се насочи на иницијативи кои имаат за цел да бидат катализатор на системската трансформација и да ги забрзаат реформите во јавниот сектор преку унапредување на добрите практики за управување врз основа на пристап на „цело општество". Лабораторијата, исто така ќе дава поддршка во земјата за справување со прашањата за иднината на работните места и ќе работи со градот Скопје, главниот град во земјата на подготовка на портфолио со интервенции за справување со клучните развојни предизвици.

# РСОР 2021-2025 Рамка за финансирање и достапност за ресурси

## Што е рамката за финансирање за РСОР?

Рамката за соработка за одржлив развој на ОН за 2021-2025 е клучен стратешки документ по којшто се предводи работата на системот на ОН во земјата. Таа е придружена со Рамка за финансирање на РСОР која содржи преглед на севкупните трошоци за постигнување резултати за РСОР, како и кус преглед на состојбата со финансирање на РСОР. Рамката за финансирање дава детална распределба по години, исход и резултат, по извор на финансирање и начин на финансирање, и според расположливоста на финансиските средства.

Главната цел на рамката за финансирање е да се зголеми транспарентноста на финансиските информации за работата на ОН во земјата, но, и да послужи како алатка за финансиско планирање, управување и мобилизација на ресурси. Како единствена стандардизирана референца и преглед на состојбата со финансирањето на РСОР, целта е да претставува основа за дијалог за тие прашања помеѓу ОН, владите и другите развојни партнери, како и да ја даде рамката за да се зголеми кохерентноста на системот на ОН и да се намали преклопувањето на мобилизирањето и управувањето со ресурси. Исто така, се поддржува ОН преку координиран и заеднички пристап за мобилизирање ресурси и идентификување расположливи инструменти, и преку одредување и следење на јазот во финансирањето.

Рамката за финансирање за Северна Македонија беше подготвена во периодот помеѓу ноември 2020 и февруари 2021 и неодамна беше усвоена од Заедничкиот управувачки комитет на Владата и ОН. Проценките за трошоците главно го покриваат петгодишниот период, врз основа на финансиските податоци и проценките на сите 18 агенции на ОН, потписнички на РСОР.

## 2021-2025 вкупно достапни ресурси

Проценетата вкупна побарувачка за финансирање на реализацијата на РСОР во текот на петте години изнесува 178,2 милиони амер. долари, со урамнотежена комбинација на средствата кои што се на располагање и коишто ќе треба да се мобилизираат. За сите пет години, на располагање се 36% и потребно е да се мобилизираат уште 64% од финансиските средства. За првата година на имплементација, најголем дел од финансиските средства се веќе достапни, и само 28% или 13.8 милиони треба да се мобилизираат.

## Потреби за финансирање според исходите од Рамката за соработка

Меѓу исходите од РСОР, најголема потреба од ресурси има за Здрава животна средина, со околу половина (46% или 83,8 милиони амер. долари) од вкупното финансирање потребно за да се постигне овој исход, потоа следува Доброто управување, за коешто се потребни околу 24% (или 43,6 милиони амер. долари) од целокупното финансирање и Инклузивен просперитет и Квалитетни услуги за сите за коишто се потребни околу 14% од вкупното барање (или 25,5 милиони и 25,2 милиони амер. долари, соодветно). Тоа е во согласност со природата на активностите за кои се потребни највеќе ресурси за да се одговори на еколошките предизвици, како што се комплексното расчистување на опасните хемикалии, значајни инфраструктурни инвестиции во управувањето со поплави, инструменти за зелено финансирање, итн. Во однос на состојбата со расположливоста на средствата, финансирањето, финансирањето за Исходот 3 во голема мера останува да се мобилизира (69%), а помал но сепак значителен дел од финансирањето ќе треба да се мобилизира за исходите 1, 2 и 4 со 65%, 59% и 56%, соодветно.

## Потребни финансиски средства според организации од семејството на ОН

Проценетите потребни финансиски средства значително се разликуваат според организациите од системот на ОН, во согласност со нивните различни активности и мандати. За предвидените активности на УНДП, УНОПС и УНИЦЕФ – потребно е финансирање од над 10 милиони амер. долари по агенција. ФАО, УНЕП, УНХЦР, ИОМ, СЗО, UN WOMEN и МОТ предвидуваат финансирање од 5 до 10 милиони амер. долари. Конечно, УНФПА, УНОДЦ, УНИДО, УНЕСКО, ОН Хабитат, УНЕЦЕ, УНДРР и ОХЦХР предвидуваат 5 милиони амер. долари или помалку. Ова е во согласност со различните видови и модалитети на поддршка коишто ги даваат организациите, при што повеќето од нив обезбедуваат поддршка со помал интензитет на потребни ресурси, како што се совети за политиките, застапување и градење капацитети на државните институции, а помал број агенции ја комбинираат поддршката за политиките, застапувањето и градењето капацитети со поголем интензитет на ресурси за инвестиции и имплементација.

## Вид на финансирање

Во однос на видот на финансирање, има простор да се разгледаат опции за премин кон помалку врзани или здружени начини на финансирање. Од моментално расположливото финансирање, преовладува финансирањето врзано за конкретни проекти (34.9 милиони амер.долари), потоа финансирањето во форма на основни средства (14.5 милиони амер.долари) и заедничко и здруженото и вертикално финансирање (10.9 милиони амер.долари). Уделот на останатите начини на финансирање е значително помал (владино финансирање, 2.9 милиони амер.долари; тематски фондови, 1.4 милиони амер.долари) или останати видови на финансирање (финансирање од приватниот сектор, 0.02 милиони амер.долари). Високиот степен на финансирање за конкретни проекти укажува на субоптимална структура на финансирањето, односно преовладува високо врзан тип на финансирање, што резултира во зголемени транасакциски трошоци и ограничување на можностите на тимот на ОН да дава поширока и покохерентна поддршка за политиките на владата.

Во согласност со заложбите за транспарентност и отчетност, ОН редовно ќе ги ажурира податоците од Рамката за финансирање во текот на периодот за имплементација на РСОР.

Повеќе детали може да се најдат на нашата интернет страница www.un.mk

## 2021-2025 SDCF RESOURCE AVAILABILITY

SDCF TOTAL REQUIREMENTS $178.2 million




REQUIREMENTS PER OUTCOME




REQUIREMENTS PER ENTITY
in US$ million




## 2021 RESOURCE AVAILABILITY

ANNUAL REQUIREMENT $48.8 million



# ВО ФОКУС подготовка за COVID-19 вакцина

## Северна Македонија започнува со вакцинација за КОВИД-19

Северна Македонија ја започна првата фаза на вакцинација за КОВИД-19 на 17 февруари 2021 во согласност со националниот план за распределба на вакцинацијата, и приоритет за вакцинација се дава на лицата чија професија или здравје особено ги изложуваат на ризик од заболување поради КОВИД-19.

Администрирањето на вакцините зависи од епидемиолошката состојба, расположливоста на вакцини за КОВИД- 19 и производствените капацитети на глобално ниво. Вакцинацијата на здравствените работници кои работат во првите редови е во тек и потоа ќе следуваат постарите лица како прва приоритетна група.

Сите не може да бидат вакцинирани наеднаш бидејќи е тешко да се обезбедат доволно вакцини поради недостигот на производство и снабдување. Стратешкото поставување приоритети е клучно за да се обезбеди дека испораката на првите дози од вакцината ќе имаат најголемо можно влијание на намалувањето на тешката болест и смртните случаи. Тоа значи да се стави приоритет на поединците во најголем ризик, како што се здравствените работници кои ги лекуваат пациентите со КОВИД-19, и постарите лица, кои се во ризик од потежок исход од болеста.

Со оглед дека приоритет се дава на групите население кои се во најголем ризик, останатите ќе треба да почекаат да примат вакцина за КОВИД-19.

Националниот план за распределба на вакцинацијата и понатаму ќе се развива во следните седмици и месеци со оглед дека поголем број различни вакцини за КОВИД-19 ќе бидат достапни во земјата. Крајната цел е да се опфатат сите луѓе над 18-годишна возраст.

Имајќи предвид дека за вакцинација на сите луѓе против КОВИД-19 ќе биде потребно време, во меѓувреме, мораме да продолжиме да ги следиме проверените и тестираните мерки со цел сите да бидеме безбедни: одржување физичко растојание, соодветно носење маска и хигиена на рацете.

Започнувањето со вакцинација отвори многу прашања, и дел од тие прашања се одговорени подолу.

### Дали се безбедни вакцините за КОВИД-19?

За да бидат одобрени за употреба, вакцините за КОВИД-19 мора да ги исполнат највисоките стандарди за безбедност и ефикасност. Глобалната заедница се обедини на одличен начин, преку досега невидени финансиски инвестиции и соработки во науката за да се произведат вакцините за КОВИД-19 во рекордно време, а во тек е и производство на уште нови вакцини. Забрзувањето на процесот не направи системите за тестирање, оценка на резултатите и одобрување на вакцините да бидат помалку ригорозни. Светската здравствена организација (СЗО) внимателно го следи распределувањето на вакцините, вклучувајќи и мониторинг на безбедноста.

### Можам ли да се вратам на нормалното живеење откако ќе се вакцинирам?

Клучен аспект во давањето одговор на пандемијата е расположливоста на безбедни и ефективни вакцини. За потенцијалното влијание на вакцините да ни помогнат да се стави крај на оваа пандемија ќе треба доста време и може да се реализира само доколку најголем број луѓе се приклучат кон заложбите и се вакцинираат. Враќањето на нормалното живеење ќе зависи од нашата способност да ја отстраниме болеста во некои области, но, и да се спречи пренесувањето



*Vaccine preparation. Photo credit @UNICEF/2020/Georgiev*

на болеста преку границите. Можеме да бидеме безбедни само доколку сите се безбедни.

Вакцините за КОВИД-19 значително ги подобруваат мерките кои веќе се воспоставени за справување со болеста, но, тие сами по себе не се доволни за да се спречи пренесувањето. Од таа причина, тие нема да бидат замена за носењето маски, одржувањето физичко растојание и хигиената на рацете во блиска иднина. Вакцинацијата е во тек и не смееме да заборавиме на заштитата бидејќи тоа може да ја отвори вратата за поголемо ширење на вирусот во заедницата.

### Митови за КОВИД-19 наспроти науката

Голем број погрешни информации и митови во врска со КОВИД-19 вирусот и вакцините се шират на интернет и по социјалните мрежи. Погрешните информации, всушност, се еден од најголемите предизвици во битката со КОВИД-19.

Оттаму е важно информациите и советите да ги добивате од сигурни извори. Еден таков извор е HealthBuddy+ , алатка што ја изработија УНИЦЕФ и СЗО, достапна на македонски и албански јазик благодарение на финансиската поддршка од Американската агенција за меѓународен развој. Алатката нуди пристап до ажурирани информации засновани на докази за КОВИД-19 и вакцините за КОВИД-19. Преземете ја апликацијата на Apple и Google Play за да стапите во интеракција преку полето за разговор, пријавете гласини и учествувајте во анкетите – сето тоа е лесно достапно.

Центарот за СЗО за соработка за безбедност на вакцините неодамна објави интернет страница со појаснувања за вакцините за КОВИД-19 и вакцинацијата, со видеа и поткасти за здравствените работници и пошироката јавност за да се одговори на општи прашања за вакцините за КОВИД-19 (достапно тука).

Извор УНИЦЕФ

# QUICK LINKS




### COVID-19 митови и факти за вакцините

“Science in 5” е серија на видеа и поткасти кои содржат разговори на СЗО за науката. Експертите на СЗО ја објаснуваат науката поврзана со КОВИД-19 во секоја епизода со времетраење од 5 минути (достапно тука)

Провери ТУКА Главниот научник на СЗО појаснува прашања за КОВИД-19 поврзани со науката од 12 февруари 2021.

Извор СЗО

The latest version of the Sustainable Development Bulletin is available on UN North Macedonia website. For additional information, please contact rc-northmacedonia@un.org. Produced by the UN Resident Coordinator’s Office in North Macedonia | 8 March 2021

www.un.mk